Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и втората (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 октомври 2022 година**

**Скопје, октомври 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и втората (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18.10.2022 година**

Седницата започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата: д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчевски, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, Филип Николовски, заменик на министерот за финансии, м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Владимир Рендевски, заменик на министерот за здравство, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски.

На седницата присуствуваа и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа и Лиридона Беќири и Емануела Додева, претставници од ЕЗРА - Здружение за иницијативи за развој во здравството, подобрување на здравствените услуги и застапување на пациентите.

Од седницата отсуствуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Бисера Костадиновска Стојчевска и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Одбележување на светскиот месец посветен на борбата со ракот на дојка во Република Северна Македонија „ДАЛИ Е НАВИСТИНА РОЗОВО ВО ОКТОМВРИ“

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

По повод одбележувањето на светскиот месец посветен на борбата со ракот на дојка во Република Северна Македонија, на седница на Владата, присуствуваа претставници од Здружението за иницијативи за развој во здравството, подобрување на здравствените услуги и застапување на пациентите „ЕЗРА“ Скопје, кои во своето обраќање се заблагодарија за поканата и можноста да ја претставаат организацијата пред Владата и укажаа на потребата од подигање на свеста за борбата со ракот на дојката. Во таа насока посочија дека 90 проценти од сите карциноми на дојка може да бидат излекувани, односно дека навремената дијагностика и соодветниот третман, во најголем дел спасуваат животи. Исто така тие го нагласија значењето на отвореноста на Владата, преку конкретни чекори и политики да придонесе во подобрувањето на состојбите. Потоа, согласно расправата на седницата, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство во соработка со Министерството за финансии во предлог – буџетот за 2023 година да предвидат средства за набавка на мобилен мамомат инсталиран во соодветно превозно средство.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во соработка со Министерството за здравство, со цел навремено дијагностицирање и соодветен третман на ракот на дојката да подготви и до Владата да достави соодветни измени и дополнувања во Законот за безбедност и здравје при работа и да направат соодветни измени и дополнувања на подзаконските акти кои ја регулираат оваа материја, со кои како задолжителен во основниот пакет за систематски прегледи на вработените да биде вклучен и превентивен преглед на мамограф за сите жени над 40 години.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*         *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:00 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**dr. Artan Grubi**